Врз основа на чл.17 став 7 од Закон за вработените во јавниот сектор(„Службен весник на Република Македонија бр.27/2014,199/2014,27/2016,35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.143 /19,14/2020),член 50 став 1 точка 12 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 43 став 1 алинеја 7 од Статутот на општина Босилово („Службен гласник на општина Босилово бр.21/14) Градоначалникот на општина Босилово донесе:

**ПРАВИЛНИК**

**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на општинска администрација на општина Босилово**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места на општинска администрација Босилово бр.03-172/1 од 26.01.2017 година,Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинска администарција бр.03-794/1 од 20.03.2018 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинска администарција бр.04-907/1 од 30.05.2019 година,Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Босилово бр.04-13/1 од 08.01.2020 година ,Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во општина Босилово бр.04-1807/1 од 13.08.2020 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на општина Босилово бр.03-1058/1 од 04.06.2021 година.

**Член 2**

Во Глава IV.Табеларен приказ на работните места во општина Босилово во точка V.Одделение за Внатрешна ревизија,во работното место со реден број 27,назив на работно место-"Раководител на одделение за внатрешна ревизија"со шифра УПР0101Б04000 делот вид на образование по зборовите " Економски или правни науки " се додаваат **" или Организациони науки и управување(менаџмент) ".**

**Член 3**

Во Глава IV.Табеларен приказ на работните места во општина Босилово, во точка V.Одделение за Внатрешна ревизија, работното место со реден број 28, назив на работно место- "Советник Внатрешен ревизор " со шифра УПР0101В01000, делот вид на образование по зборовите"Економски или правни науки"се додаваат **"или Организациони науки и управување(менаџмент) ".**

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се применува по добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Арх.бр.** 04-140/1

26.01 **2022 година**

**ОПШТИНА БОСИЛОВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Ристо Манчев**